


# Ten Barrels Syrah 2010

Посебноста на ова сира вино, добиено од сопствените насади, произлегува од двојната редукција на приносот, што резултира со парцијално дехидрирање на гроздовите на самата лоза. Ваквите ампелотехнички постапки овозможуваат добивање на фенолно зрело вино со интензивна црвена рубин боја, висок екстракт и потенцијал за созревање. Аромата е комплексна, овошно-зачинска, со изобилство од ситнозрнесто црвено и црно овошје, чоколадо, сладок корен и темјанушка. Вкусот е елегантен, полн и долограен, со добра структура, интегрирани танини и долг послевкус, и е резултат на 18-месечното одлежување во нови буриња од американски и француски даб.

Се послужува на температура 13-17$^{o}$C, во комбинација со разни видови на месо, особено со дивеч во пикантен сос.

Алкохол: 14,1% Vol. Полнето: Февруари, 2013

НАГРАДИ:

- Selection Mondiales du Vin, Канада 2013 - Злато
- Terravino, Израел 2014 - Злато
- Novosadski Velesajam, Србија 2013 - Злато
- WINE FAIR SPLIT, 2013 Хрватска - Злато
- Premium Selection Wine Challenge, Германија 2014 - Четири ѕвезди
- Syrah du Monde, Франција 2013 - Сребро